# КОМЕСАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

Кошаркарска Федерација на Северна Македонија

Почитувани,

Согласно членот 51, Начин на бодување, односно, одредување на пласман од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги, поточно членовите:

51.1 Начинот на бодување и одредување на пласман на екипите во Системот на натпреварување се врши врз основа на одредбите од Официјалните кошаркарски правила на ФИБА (Додаток Д), Правилникот за натпреварување и Пропозиции за натпреварување во сениорските лиги, и

51.2 Начинот на одредување на пласман ќе се применува во пресек на првенството (лига прв дел) и на крајот на првенството по одигрување на сите натпревари од првиот и вториот дел на лигата, Ве известувам:

1. **Согласно членот Д.4.2 од Службените кошаркарски правила, ако сакаме да ги рангираме екипите од повеќе групи во една група, а екипите во групите одиграле различен број натпревари, тогаш натпреварите на последно пласираните екипи во групите А и Б со повеќе натпревари ќе се поништат, заради изедначување со групата В.**

Овој процес ќе се повтори во сите групи додека бројот на натпревари не биде ист во сите групи.

Потоа ќе се применуваат следните критериуми:
• Подобар однос на победи - порази од сите одиграни натпревари во нивниот ревидиран конечен пласман во групата,
• Поголема разлика во поени на сите натпревари во нивниот ревидиран конечен пласман во групата,
• Поголем број на поени во сите натпревари во нивниот ревидиран конечен пласман во групата,
• Доколку овие критериуми сè уште не можат да одлучат, соодветното рангирање во групите ќе одлучи за конечниот пласман.

2. **Согласно службените кошаркарски правила, под точка Д, Пласман на екипите, се вели:**

Д.1.1 Екипите ќе бидат рангирани согласно нивните одиграни натпревари, поточно победени - загубени натпревари, со два (2) поена за победен натпревар, односно еден (1) поен за загубен натпревар (вклучувајќи и натпревари загубени поради недоволен број на играчи) и 0 бодови за натпревар загубен без игра.

Д.1.2 Процедурата во рангирањето на екипите важи и за сите двокружни системи.

Д.1.3 Ако две (2), или повеќе екипи имаат исти бодови од нивните победени, односно загубени натпревари во лигата, само натпреварите помеѓу овие две (2), или повеќе екипи ќе одлучат за финалниот пласман.

Ако овие две (2), или повеќе екипи имаат исти бодови, односно ист сооднос помеѓу победените и загубени натпревари, редоследно ќе бидат земени предвид следниве критериуми:
• Подобра кош разлика од натпреварите одиграни помеѓу нив,
• Поголем број постигнати поени на натпреварите одиграни помеѓу нив,
• Подобра кош разлика од сите одиграни натпревари во лигата,
• Поголем број постигнати поени на сите одиграни натпревари во лигата.

Ако и после овие критериуми сѐ уште е изедначен нивниот пласман на табелата, ќе се земе предвид моменталниот пласман на табелата.

Д.1.4 Ако со било кој од овие критериуми се рангира една, или повеќе екипи, процедурата од точката Д.1.3 ќе се повтори од почетокот за сите останати екипи кои не се рангирани.

**Рангирање во група А**

| КОНЕЧНА ТАБЕЛА – ТРЕТА А ЛИГА МАЖИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| # | екипа | он | поб | пор | кд | кп | кр | бод |
| 1 | Тетекс ТТК | 8 | 8 | 0 | 703 | 474 | 229 | 16 |
| 2 | Љуботен | 8 | 5 | 3 | 610 | 574 | 36 | 13 |
| 3 | Дибра Иглс | 8 | 4 | 4 | 558 | 604 | -46* | 12 |
| 4 | Феникс Баскет | 8 | 2 | 6 | 531 | 639 | -108 | 10 |
| 5 | МКК Куманово | 8 | 1 | 7 | 562 | 673 | -111 | 9 |

**Рангирање во група Б**

| коло | натпревар | | резултат | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Хераклеа | Овче Поле | 100 | 62 |
| 10 | Овче Поле | Хераклеа | 87 | 74 |

| пласман | екипа | победени | поразени | дадени / примени поени | кош разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Хераклеа | 1 | 1 | 174:149 | +25 |
| 2 | Овче Поле | 1 | 1 | 149:174 | -25 |

| КОНЕЧНА ТАБЕЛА – ТРЕТА Б ЛИГА МАЖИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| # | Екипа | он | поб | пор | кд | кп | кр | бод |
| 1 | Хераклеа | 8 | 7 | 1 | 693 | 556 | 137 | 15 |
| 2 | Овче Поле | 8 | 7 | 1 | 657 | 572 | 85 | 15 |
| 3 | Конзули | 8 | 4 | 4 | 609 | 570 | 39* | 12 |
| 4 | Спортисимо | 8 | 1 | 7 | 544 | 663 | -119 | 9 |
| 5 | Иба Баскет | 8 | 1 | 7 | 575 | 717 | -142 | 9 |

**Рангирање во група В**

| коло | натпревар | | резултат | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | МКК Вардар | Струмица Ролинг | 85 | 66 |
| 2 | Струмица Ролинг | Гевгелија | 80 | 77 |
| 6 | МКК Вардар | Гевгелија | 73 | 51 |
| 8 | Струмица Ролинг | МКК Вардар | 70 | 66 |
| 9 | Гевгелија | Струмица Ролинг | 87 | 71 |
| 13 | Гевгелија | Вардар | 66 | 41 |

| пласман | екипа | победени | поразени | дадени / примени поени | кош разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Гевгелија | 2 | 2 | 281:265 | 16 |
| 2 | МКК Вардар | 2 | 2 | 265:253 | 12 |
| 3 | Струмица Ролинг | 2 | 2 | 287:315 | -28 |

| КОНЕЧНА ТАБЕЛА – ТРЕТА В ЛИГА МАЖИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| # | Екипа | он | поб | пор | кд | кп | кр | бод |
| 1 | Гевгелија | 8 | 6 | 2 | 612 | 502 | 110 | 14 |
| 2 | МКК Вардар | 8 | 6 | 2 | 535 | 431 | 104 | 14 |
| 3 | Струмица Ролинг | 8 | 6 | 2 | 665 | 560 | 105 | 14 |
| 4 | Баскет Дино | 8 | 2 | 6 | 556 | 616 | -60 | 9 |
| 5 | Шкупи | 8 | 0 | 8 | 401 | 660 | -259 | 7 |

Во плеј офот продолжуваат двете (2) најдобро пласирани екипи од трите А, Б и В групи и најдобрите две (2) третопласирани екипи од истите групи, вкупно осум (8) екипи сместени во четирите (4) шешири (Г, Д, Ѓ и Е) кои ќе ги формираат четвртфиналните (1/4) двојки.

* Екипата на КК „Конзули“ од Битола (+39) има подобра кош разлика од екипата на КК „Дибра Иглс“ од Дебар (-46).

| ОСУМ НАЈДОБРО ПЛАСИРАНИ ЕКИПИ ОД ГРУПИТЕ А, Б И В | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| САД (ГРУПИ) | ПЛАСМАН | # | | ОН | ПОБ | ПОР | КД | КП | КР | БОД |
| Г | Г1 | 1 | ТЕТЕКС ТТК | 8 | 8 | 0 | 703 | 474 | 229 | 16 |
| | Г2 | 2 | ХЕРАКЛЕА | 8 | 7 | 1 | 693 | 556 | 137 | 15 |
| Д | Д1 | 3 | ОВЧЕ ПОЛЕ | 8 | 7 | 1 | 657 | 572 | 85 | 15 |
| | Д2 | 4 | ГЕВГЕЛИЈА | 8 | 6 | 2 | 612 | 502 | 110 | 14 |
| Ѓ | Ѓ1 | 5 | МКК ВАРДАР | 8 | 6 | 2 | 535 | 431 | 104 | 14 |
| | Ѓ2 | 6 | СТРУМИЦА РОЛИНГ | 8 | 6 | 2 | 665 | 560 | 105 | 14 |
| Е | Е1 | 7 | ЉУБОТЕН | 8 | 5 | 3 | 610 | 574 | 36 | 13 |
| | Е2 | 8 | КОНЗУЛИ | 8 | 4 | 4 | 609 | 570 | 39 | 12 |

Согласно претходното, формирани се следните четвртфинални (1/4) двојки од разигрувањето за првак во Третата лига - мажи за сезона 2024/2025 година, по системот 1-8, 2-7, 3-6, 4-5, подобар од три (3) натпревари, или 1-1-1, (дома - гости - дома).

ПРВ НАТПРЕВАР: 5.04-6.04 2025 ГОДИНА, САБОТА-НЕДЕЛА:

(1) ТЕТЕКС ТТК – (8) КОНЗУЛИ - ДВОЈКА 1,
(2) ХЕРАКЛЕА – (7) ЉУБОТЕН - ДВОЈКА 2
(3) ОВЧЕ ПОЛЕ – (6) СТРУМИЦА РОЛИНГ - ДВОЈКА 3,
(4) ГЕВГЕЛИЈА – (5) МКК ВАРДАР - ДВОЈКА 4.

ВТОР НАТПРЕВАР: 9.04.2025 ГОДИНА, СРЕДА, И
ТРЕТ НАТПРЕВАР (ДОКОЛКУ Е ПОТРЕБНО): 12.04-13.04.2025 ГОДИНА, САБОТА-НЕДЕЛА.

НАПОМЕНА: Со оглед дека три (3) екипи од група В се пласираа во четврт (1/4) финалната фаза и ги заседоа местата: 4, 5 и 6 во новоформираната табела, невозможно е некои од нив да не се сретнат во оваа фаза, а да се запази системот 1-8, 2-7, 3-6, 4-5.

Поздрав,

Комесар за натпреварување,

Александар Милојевиќ